**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Вие препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството содржи:**
1. *Што претставува* DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија *и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите* DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија
3. *Како да се употребува* DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија
4. *Можни несакаи дејства (реакции)*
5. *Чување и рок на употреба на* DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија

DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија
*Активна супстанца*: декстроза монохидрат.
*Помошни супстанци*: вода за инјекции.

**Носител на одобрението за ставање во промет**
ФАРМАГЕН увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, ул. 29 ноември 69/4, 1000 Скопје, Р. Македонија.

**Производител**
VIOSER S.A. / PARENTERAL SOLUTION INDUSTRY, 9th km National Road Trikala-Larisa / Taxiarches, Trikala, 42 100 Грција

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Стерилен, инфузионен раствор за интравенска апликација, без бактериски ендотоксини.

**Состав**

1000 ml раствор за инфузија содржи:

| | |
|---|---|
| -декстроза монохидрат | 55g (еквивалентно на безводна декстроза 50g) |
| -вода за инјекции до | 1000 ml |

Се користи при дехидратација и кога нема можност водата да се надомести орално, без истовремено губење на електролити. Овој вид на дехидратација е многу редок и може да се јави кај пациенти со дијабетска ацидоза, кома, хипертироидизам, дијабетес инсипидус, хиперкалцемија, недоволно внесување на течности поради психички фактори, треска.

**Пакување**

Полиетиленско шише 100 ml, 250ml, 500ml и 1000ml.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија

**Немојте да го употребувате DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија ако:**

- шишето протекува и ако растворот не е бистар или содржи видливи честички.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Бидете посебно внимателни со DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија ако:**
лекот се администрира кај пациенти со дијабетес.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Брзите инфузиони раствори кои содржат 25g на глукоза или повеќе се поврзани со појавата на фетална ацидоза, неонатална хиперинсулинемија, хипоглукаемија и жолтица.

Се додека не се воспостави безбедна стапка на апликација, предложената доза пред пораѓање не треба да биде повеќе од 6g на час.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Нема податоци.

**Употребување на други лекови**
Кога интравенозниот раствор на декстроза е помешан со цијанокобаламин, канамицин, сулфати, новобиоцин, и натриум варфарин настанува намалување на бистрината на растворот.

*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*

*Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија

Потребната доза и времетраењето на DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија ќе ја одреди Вашиот лекар.
DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија се користи исклучиво во здравствени установи.
DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија ќе Ви го даде обучено медицинско лице со давање на лекот интравенски (во вена).

**Дозирање**

DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија претставува раствор кој е изоосмотски со крвта и може да се аплицира преку периферната вена.
Доколку концентрацијата на растворот е поголема од 5%, растворот ќе биде хипертоничен и како таков треба да се администрира со бавна интравенска инфузија преку централната вена.
Дозата зависи од индивидуалните потреби на пациентот.
Глукозата во серумот треба внимателно да се мониторира.

Пред употреба да се отстрани заштитниот прстен од излезот за апликација на приборот за инфундирање.

**Предозирање**

Зголемување на нивото на глукоза во крвниот серум. Можност од појава на дијабетска кома.
Зголемување на количината на течности во телото.
Во вакви случаи администрацијата на инфузискиот раствор на декстроза треба да се прекине веднаш.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Како и сите лекови, DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија може да има несакани дејства.

Интравенската администрација на хипертоничен раствор на декстроза може да предизвика појава на локална болка при апликација, иритација на вените и тромбофлебитис.

Употреба на интравенозниот раствор на декстроза може да предизвика електролитен дисбаланс вклучувајќи: појава на едем, хипокалемија, хипомагнеземија и хипофосфатемија.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. ЧУВАЊЕ НА DEXTROSE / VIOSER (glucose monohydrate) 5%, раствор за инфузија**
**Рок на употреба**

Рокот на траење на производот во полиетиленски шишиња е 3 години (36 месеци). Производот треба да се искористи веднаш по отворањето.

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на шишето.*

*Не го употребувајте лекот ако сте забележале дека растворот е заматен или содржи честички.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се применува само во здравствена установа.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ